# ЗНМ: ОДЛУКАТА ЗА ЕКСТРАДИЦИЈА НА БОЖИНОВСКИ Е ПОЛИТИЧКИ МОТИВИРАНА

22/04/2016

**Здружението на новинарите на Македонија(ЗНМ) изразува разочараност и загриженост од одлуката на српските власти да го екстрадираат во Македонија новинарот Зоран Божиновски, обвинет за злосторничко здружување, шпионажа и уцена.**

„Веруваме дека експресната одлука на српските власти за екстрадиција е политички мотивирана и ќе предизвика сериозна штета врз слободата на медиумите, не само во Македонија, туку и пошироко во регионот. Со екстрадицијата Србија свесно го изложува на непотребен ризик новинарот Божиновски иако претходно беа информирани за заканите што врз него ги упатуваа највисоките претставници на власта. Српската влада ќе сноси одговорност ако Божиновски во македонските затвори биде изложен на нечовечки третман", се вели во соопштението.

Од ЗНМ се чудат што Србија како земја која преговара за членство во Европската унија не може да земе во заштита новинар кога повеќе од јасно е дека во матичната држава нема минимални услови за фер судење поради нарушената доверба на јавноста во судскиот систем.

„Перверзно е да се екстрадира новинар во земја каде тајната полиција е вмешана во масовно прислушување на нејзините граѓани, а Претседателот на државата го амнестира целиот политички врз на земјата за тешки криминални дела", се вели во соопштението од ЗНМ.

ЗНМ обезбеди правна помош на Божиновски и побара од канцеларијата на народниот правобранител Иџет Мехмети да го посети во затворот.


телот „Мериот" реден 40

Денеска повеќе сонце

Денеска во 18 часот протести против социјалната

Сено пред споменикот на Филип Втори во Битола

Ели Јуруков: Патот на Србија кон Европа минува

Паве од гр